Врз основа на член 344, 345 и 358 од Законот за трговските друштва и одредбите од член 60 од Статутот на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, Одборот на директорите на Акционерско друштво за производство на сопричка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, ("Друштвото") по пат на одлучување без одржување на состанок ја донесе следнава:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**
**за именување на нов член на Одборот на директори на Друштвото**

**Член 1**

За нов член на Одборот на директори на друштвото СЕ ИМЕНУВА лицето Паоло Босио, роден на ден 25.02.1966, државјанин на Италија, со место на живеење во Торино (Италија), ул. Корсо Е. Де Никола бр. 20, 10128 Торино, Италија и со број на пасош.

**Член 2**

Новиот член ќе ја извршува функцијата во Одборот на директори со мандат од 5 години.

Со донесување на оваа одлука на лицето Паоло Босио му престанува функцијата вршител на должност извршен член на Одборот на директори и вршител на должност Генерален директор на друштвото.

**Член 3**

Новиот член на Одборот на директори ќе ја извршува својата функција, согласно Закон, Статут и останатите позитивни прописи.

Новиот член на Одборот на директори ги исполнува условите да биде избран како член на Одборот на директори согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото.

**Член 4**

Во прилог на оваа Одлука е содржана професионалната биографија на лицето од член 1 на оваа Одлука.

**Член 5**

Врз основа на оваа Одлука, ќе биде извршен упис во Централниот регистар на Р.С. Македонија, согласно закон и позитивните прописи.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од датумот на нејзиното донесување.

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за избор/именување на извршен член на Одборот на директори и Генерален директор на Друштвото заведена под број 02-309/1 од 30.05.2024 година.

**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**Претседател,**
**на Одборот на директорите**
**Г-дин Гвидо Ло Фасо**
**(Mr.Guido Lo Faso)**

___________________________

**Борд на Директори**:

Марина Баима ______________________

Борче Давитковски ______________________

Паоло Босио _________________________

Игор Андоноски ___________________________